## БИЕНАЛЕ НА МЛАДИ ВО МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

# Уметничкиот идентитет притиснат од глобализацијата

**Новата генерација македонски автори е подготвена со големо внимание да се анализира себеси и својата средина, вели кустосот Мира Гаќина**


Како да се „облече“ традицијата: перформансот „Тука“ на Попоски

Ивана Васева

Кој сум јас, каде почнувам и каде завршувам, кој сум во однос на другите, се прашањата што ги окупираат младите автори претставени на Биеналето на млади уметници, кое ќе биде отворено утревечер во Музеј на современата уметност.

Новата генерација ликовни творци, која за Бинелето создаваше на тема „идентитети“, според кураторката Мира Гаќина, не сака да биде дел од глобализмот како модел на доживување на светот, туку е свртена кон себеистражување. Гаќина констатира дека потиснатата енергија и чувството на стеснетост, кои еманираат од делата, го опфаќаат и гледачот, кој лесно го препознава немирот на клаустрофобијата.

- Згуснатиот израз, напрегнатото исчекување и загрижената концентрираност сведочат за длабоката и искрена посветеност, за големото внимание со кое новата генерација македонски автори е подготвена да се набљудува себеси и својата средина - вели Гаќина.

Уметникот Ѓорѓе Јовановиќ, кој на изложбата ќе се претстави со просторната инсталација „Свиракус“ составена од објекти, видео и од текст, се осврнува на начинот на кој идентитетот се користи за промовирање одредена идеја или кауза.

- „Свиракус“ е приказна за еден уметник, кој никогаш не бил експониран, иако неговото творештво се развива во чекор со дваесетвековната уметност. И тој е првиот што ги инкорпорира современите текови во македонската уметност. Значи, тој внесува нова визура во модерната или современа уметност во Македонија. Неговиот личен идентитет е во служба на создавање одредена кауза - вели Јовановиќ.

Уметникот Зоран Попоски, кој ќе се претстави со видеа и со дигитални отпечатоци, зборува за начините на кои другото, инаквото, влијае во создавањето на нашиот идентитет. Во видео проектот „Дифферент“ тој зборува за глобалната доминација на англискиот јазик, која води кон губење на идентитетот на малите јазици и на нивните говорители.

- Видеото се состои од проекција на зборови од англискиот јазик врз телото на уметникот, кои ја означуваат различноста, сè додека неговиот личен идентитет целосно не исчезне под овие ознаки - вели Попоски.

Во перформансот „Тука“ уметникот се облекува во народна носија, отворајќи го прашањето за можноста еден современ млад човек да се препознае во традиционалните вредности. Колку и да е глобално експониран, уметникот е секогаш присутен во сопствената култура, порачува делото на Попоски.

На изложбата ќе се претстават 27 уметници, меѓу кои Методи Ангелов, Матеј Богдановски, Верица Ковачевска, Данило Мандиќ, Јана Мишева, Дита Старова, Тихомир Топузовски, Дејан Дамјановиќ, Атанас Ботев и други.

По иницијатива на директорката на МСУ, Елиза Шулевска, најуспешниот автор ќе биде награден со самостојна изложба, која ќе се реализира во рамките на програмата за 2010 година.


Повеќето од авторите ќе изложат дела работени во нови медиуми, но присутни се и традиционални техники